РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 25-125/2
24.01 2024 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на Програмата за Локален економски развој за 2024 година бр. 26-1097/31од 17.11.2023 година, Подпрограма за подршка на здруженија на граѓани на Општина Пробиштип и Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година со број 26-1097/27 од 17.11 2023 година и Правилникот за постапката и начинот на распределба на финансиските средства од Програмата за локален економски развој и заштита на животната средина на Општина Пробиштип и Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2024 година Градоначалникот на Општина Пробиштип распишува:

# Јавен Повик

## За доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Пробиштип за 2024 година за здруженија на граѓани врз основа на предлог проекти

Финансиските средства предвидени во Програмата за Локален економски развој за 2024 година во Подпрограмата за подршка наздруженија на граѓани за реализација на проекти од страна на здруженијата и фондациите како и финансискте средства предвидени во Програмата за социјална детска и здравствена заштита од буџетот на општина Пробиштип, ќе бидат распределени според следните критериуми и приоритетни области дадени во овој повик.

1. Вид на проекти кои ќе бидат подржани

   -Средствата од Буџетот на општина Пробиштип ќе се користат за финансирање на активностите на здруженијата и фондациите преку грантови за проекти кои треба да се поднесат по објавата на овој Јавен Повик

   - Ќе се додели грант за поднесен проект од здруженијата и фондациите кои работат во следните области:

   Образование, култура, туризам, земјоделие, заштита на животната средина, здравствена и социјалната заштита, развој на техничка култура, здруженија на ракотворци, здруженија на планинари, проекти на организации на жени, здруженија на пензионери и лица со посебни потреби
2. Вкупната сума за проектите изнесува 220.000,00 денари од кои 120.000,00 денари во Програмата за Локален економски развој за 2024 година од Подпрограмата за подршка на здруженија на граѓани и 100.000,00 денари во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година кои ќе бидат распоредени во зависност од освоените бодови за поднесениот проект
3. Од областа на **социјалната заштита** врз основа на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година со број 26-1097/27 од 17.11 2023 година, ќе се подржат здруженија на граѓани кои работат во ова поле.

   Целта е да се намали социјалната исклученост, но и помош на граѓанските организации во реализација на активности во општина Пробиштип од

областа на социјалната, детската и здравствената заштита, социјално-хуманитарни, здравствено-превентивни, едукативни и други активности.

4. Право на учество во Јавниот повик ќе имаат здруженијата и фондациите со седиште на територијата на Општина Пробиштип како матична општина каде што физички ќе се реализираат проектите, а кои ги исполнуваат следниве критериуми што ќе бидат утврдени со Јавниот повик:
   - да се регистрирани како здружение или фондација во согласност со Законот за здруженија и фондации
   - да имаат активна трансакциска сметка и активен статус на дејствување од најмалку една (1) година
   - да поседуваат Статут и Решение за регистрација на здружението или фондацијата
   - да дејствуваат на територијата на Општина Пробиштип
   - да поднесат извештај за користење на средствата од Буџетот на Општината ако предходна година добиле средства преку Програмата за ЛЕР и заштита на животната средина и Програмата за социјална, детска и здравствена заштита

   Посебни критериуми што треба да ги исполнуваат субјектите што учествуваат на овој повик се:
   -да се од суштинско значење за подигнување на квалитетот на животот на граѓаните во локалната заедница во соодветните области
   - доделените средства да се користат исклучително за намената за која се бараат и на начин што е определен во предлог- проектот.

5. Проценка на квалитетот на проектите
   Проценката на квалитетот на проектите на здруженијата на граѓани кои ги исполнуваат основните организациски критериуми ќе се врши врз основа на следното:

| Организациска стурктура, техничка опременост и човечки ресурси | Бодување<br>(максимум 60 бода) | | |
|---|---|---|---|
| Начин на бодување | Да -10 | Делумно -5 | Не-1 |
| 1. Здружението на граѓани има минимум 3 лица ангажирани за проектот | | | |
| 2. Стручни лица за спроведување на проектот | | | |
| 3. Дали имаат искуство во спроведување на проекти | | | |
| Квалитет на проектот: | | | |
| 1. Општата цел во проектот е јасно поставена и ќе придонесе кон | | | |

| | |
|---|---|
| унапредување на областа за која се аплицира | |
| 2. Активностите се реално остварливи | |
| 3. Предлог буџетот е реален за предвидените активности | |

Разгледувањето на проектните апликации и придружните документи ќе го врши Комисија формирана од Градоначалникот .

Проектите кои ќе добијат минимум 40 бода ќе бидат финансирани.

Избраните организации по реализација на активностите должни се да достават комплетен извештај од реализираните активности до општина Пробиштип

5.Потреби документи

Здруженијата на граѓани потребно е да ги достават следните документи

-Пополнет Образец за предлог проект на компјутер

-Извештај за добиена финансиски средства од буџетот на општината за претходната година (доколку имаат)

-Меморандум за соработка доколку учествуваат две или повеќе здруженија на граѓани

-Тековна состојба , Статут и активна трансакциска сметка (фотокопија)

Едно здружение на граѓани може да поднесе само еден предлог проект

6. Рок и начин на доставување на проектите

Рокот за поднесување на проектите е 15 работни дена од објавување на огласот

Проектите се поднесуваат во Архивата на општина Пробиштип во затворен плик. Во горниот лев агол се пополнува името и адресата на општина Пробиштип (Ул. „Јаким Стојковски„ бр.1 2210 Пробиштип), а во долниот десен агол името и адресата на здружението на граѓани

Изготвил: Наташа Смилкова

Контролирал: Билјана Ефтимова

Општина Пробиштип

Градоначалник,

Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП